Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

**У К А З**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА СТРАНЦИТЕ**

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за странците,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 21 мај 2007 година.

Бр. 07-2306/1
21 мај 2007 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Бранко Црвенковски,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Љубиша Георгиевски,** с.р.

## ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА СТРАНЦИТЕ

Член 1

Во Законот за странците ("Службен весник на Република Македонија" број 35/2006), во членот 18 став 1 во првиот и третиот ред по зборот "дипломатска" се додава запирка, а зборовите: "или службена лична карта" се заменуваат со зборовите: "службена или конзуларна лична карта", а во вториот ред по зборот "дипломатската" се додава запирка, а зборовите: "или службена лична карта" се заменуваат со зборовите: "службената или конзуларната лична карта".

Член 2

Во членот 25 став 1 алинеја 5 по зборот "дипломатска" се додава запирка, а зборовите: "или службена лична карта" се заменуваат со зборовите: "службена или конзуларна лична карта".

Член 3

Во членот 41 став 2 алинејата 2 се брише.

Алинеите 3, 4, 5, 6 и 7 стануваат алинеи 2, 3, 4, 5 и 6.

Алинејата 8 се брише.

Алинејата 9 станува алинеја 7.

Алинеја 10 се брише.

Алинеите 11, 12, 13 и 14 стануваат алинеи 8, 9, 10 и 11.

Член 4

Членот 94 се менува и гласи:

"Дозволата за привремен престој и дозволата за постојан престој се издаваат во форма на посебен документ.

Дозволата за престој содржи:

- вид на дозволата за престој,

- број на дозволата,
- фотографија на носителот на дозволата,
- име и презиме на лицето на кое му е издадена дозволата,
- рок на важење,
- место и датум на издавање,
- државјанство,
- место и датум на раѓање,
- пол,
- матичен број за странец на лицето на кое се издава,
- потпис на носителот на дозволата,
- престојувалиште и адреса, односно живеалиште и адреса,
- грб на Република Македонија,
- машински читлива зона,
- безбедносни печатарски техники,
- ултравиолетова и инфрацрвена заштита,
- заштита со оптички варијабилни мастила,
- специјални ефективни заштитни мотиви против фалсификати и измама,
- заштита против копирање и
- заштити во техники на издавање."

Член 5

Во членот 128 став 1 по зборот "дипломатска" се додава запирка, а зборовите: "или службена лична карта" се заменуваат со зборовите: "службена или конзуларна лична карта".

Во ставот 2 зборовите: "личната карта" се заменуваат со зборовите: "Дипломатската, службената или конзуларната лична карта".

Член 6

Во членот 143 став 4 зборот "две" се заменува со зборот "пет".

Во ставот 8 зборот "две" се заменува со зборот "пет".

Член 7

Насловот на Главата XI се менува и гласи: "КАЗНЕНИ И ПРЕКРШОЧНИ ОДРЕДБИ".

Член 8

Во членот 150 став 1 воведната реченица се менува и гласи: "Глоба во износ од 3.000 до 5.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на правно лице, ако:".

Ставот 2 се менува и гласи:

"На правното лице од ставот 1 точка 1 на овој член ќе му се изрече и прекршочна санкција привремена забрана за вршење одделна дејност."

Во ставот 3 зборовите: "Со парична казна од 30.000 до 50.000 денари ќе се казни за прекршок" се заменуваат со зборовите: "Глоба во износ од 600 до 1.300 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на".

Член 9

Во членот 151 став 1 воведната реченица се менува и гласи: "Глоба во износ од 800 до 1.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на лице кое врши самостојна дејност давање услуги на сместување, ако:".

Во ставот 2 зборовите: "Со казната од ставот 1 на овој член ќе се казни и" се заменуваат со зборовите: "Глобата од ставот 1 на овој член ќе му се изрече и на".

Во ставот 3 зборовите: "мерка на безбедност" се заменуваат со зборовите: "прекршочна санкција".

Член 10

Во членот 152 воведната реченица се менува и гласи: "Глоба во износ од 700 до 1.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на физичко лице кое:".

Член 11

Во членот 153 став 1 воведната реченица се менува и гласи: "Глоба во износ од 800 до 1.500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на странецот, ако:".

Во ставот 2 зборовите: "мерка на безбедност протерување на странец" се заменуваат со зборовите: "прекршочна санкција протерување странец од земјата".

Член 12

Во членот 154 став 1 воведната реченица се менува и гласи: "Глоба во износ од 600 до 1.000 евра ќе му се изрече за прекршок на странец кој:".

Член 13

По членот 154 се додава нов член 154-а, кој гласи:

"Член 154-а

Прекршочната постапка за прекршоците предвидени во овој закон ја води надлежниот суд.

Пред поднесување на барање за прекршочна постапка за прекршоците предвидени во овој закон, Министерството за внатрешни работи води постапка за порамнување согласно со Законот за прекршоците."

Член 14

Во членот 159 зборовите: "по една година од денот на неговото влегување во сила" се заменуваат со зборовите: "од 1 јануари 2008 година".

Член 15

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".